Друштво за туризам, угостителство, рекреација
и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ
Бр. 05-1444/2
21.12 2018 год.
СКОПЈЕ

ЕЛЕМ ТУРС
ДООЕЛ - СКОПЈЕ

# ПОКАНА
# ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ
# (05-1444 /2 од 21.12.2018)

*Скопје, Декември , 2018*

Почитувани,

Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт **ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје ДИРЕКЦИЈА-Скопје**,со адреса на ул. ,,11 Октомври'' бр.9, 1000 Скопје, телефон за контакт 02-3149 129 и електронска адреса: **info@elemturs.mk**, има потреба од **набавка на услуги за осигурување на имот и лица во ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје за период од две години .**
За таа цел, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст - Набавувач) спроведува постапка за доделување на договор за набавка со Оглас кој е поставен во делот **,,Набавки''**на страницата **www.elemturs.mk**, врз основа на член 15 од Изјавата за основање на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, Правилникот за спроведување на интерни процедури за набавки на стоки, услуги и работи во ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје .
Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет за договор за набавка, најдоцна до **26.12.2018 година**,во **15:30 часот (по локално време),** по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на **ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје ДИРЕКЦИЈА-Скопје**.

Со ова Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудатаи истата може да ја преземете во делот за **,,Набавки''** од страницата **www.elemturs.mk**, да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите на **ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје ДИРЕКЦИЈА-Скопје**.
Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите;
- технички спецификации;
- образец на понудата;
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

За извршениот избор ќе бидете писмено известени.

Однапред Ви благодариме на соработката.

**Место и датум** **Одговорно лице**

**Скопје, 21.12.2018 година** **XHEMAIL JUSUFI**

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ

6

# Инструкции за понудувачите

## 1. Корисник на услугите (во понатамошниот текст „Набавувач“)

Корисник на услуги е Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт **ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје ДИРЕКЦИЈА-Скопје**

- Адреса ул. 11 Октомври бр.9, 1000 Скопје
- Телефони за контакт 02-3149 129; и електронска адреса info@elemturs.mk
  Контакт лице Никола Шајновски е-маил nikola.shajnovski@elemturs.mk

## 2.Предмет на Договорот за набавка

2.1.Предмет на договорот за набавка е набавка на услуги за осигурување на имот и лица во ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопјеза период од две години согласно Годишниот план за набавки за 2018 година на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје.

2.2.Предметот на договорот **не е делив,** како што е дефинирано во техничката спецификација. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови.

## 3. Начин на извршување на услугата

3.1. Извршителот на услугата е должен предметот на Договорот ќе започне да се реализира во зависност од потребите на корисникот на услугата.

## 4. Разлики во цена (корекција на цени)

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за набавка.

## 5. Рок за извршување на услугата

5.1.Извршителот на услугата е должен да го испорача предметот на Договорот, во зависност од потребите на корисникот на услугата , согласно начинот на извршување на услугите.**(точка 3)**

## 6. Начин на плаќање

6.1. Начинот на плаќање е вирмански, во рок од 90 дена, од денот на пристигнувањето на фактурата кај Корисникот на услугата .

## 7. Право на учество

7.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - Понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

## 8. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на Договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

### 8.1. Лична состојба

- во последните 5 (пет) години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и Договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара Корисникот на услугата.

### 8.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот задолжително треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

- Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојба и Доказ за регистрирана дејност (ДРД – образец).
- дозвола за вршење на работи од осигурување во соодветната класа на осигурување која е предмет на набавката .
- Список на набавувачи (Референтна листа) за кои е извршена услуга осигурување за исти или слични ризици во последните три години, со наведување на назив на набавувачот, период на важност на договорот за осигурување или година на испорачаната услуга ;
- Изјава дека економскиот оператор има ангажирано стручен персонал квалификуван за проценка на штети адекватен на конкретната јавна набавка.

Комисијата за набавки во текот на спроведување на постапката за евалуација има право да побара примероци од понудувачите за утврдување на квалитетот на артиклите, како и да ги посети понудувачите со намера да ја утврди нивната способност за вршење на професионалната дејност.

## 9. Начин на докажување на способноста на понудувачот

9.1.Комисијата за набавки, доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот, го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба.

9.2.Понудувачот за докажување на својата лична и професионална состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната и професионалната состојба, која е дадена во прилог на оваа Покана за прибирање на понуди. Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.

## 10. Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди

10.1. Извршителот на услугата може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Корисникот на услугата по телефон, во електронска форма или во писмена форма, најдоцна до 3 (три) дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
10.2.Појаснувањето Корисникот на услугата ќе го достави до сите понудувачи што добиле или подигнале Покана за прибирање на понуди, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
10.3. Корисник на услугата може по потреба да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка, најдоцна до 3 (три) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.

## 11. Изготвување и поднесување на понудите

### 11.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за прибирање на понуди, со користење на обрасците дадени во прилог.

### 11.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Информации за понудувачот;
- Техничка понуда;
- Финасиска Понуда;
- Рок за испорака;
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

11.3. Цена и Период на важност на понудата

Понудувачот во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената. Рокот на испорака го дефинира во понудата.

- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека Договорот ќе биде извршен, Корисникот на услугата од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма, кои се причините за таквата цена во рок од 3 (три) дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.
- Цената на понудата се изразува во денари.
- Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

**12. Краен рок и место за поднесување на понудите**

12.1. Краен рок за поднесување на понудите е **26.12.2018 година** во **15:30 часот**. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.
12.2.Понудите се поднесуваат во архивата на Дирекцијата на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса и поштенски фах.

**13.Евалуација на понудите**

13.1 Комисијата за набавки ќе пристапи кон отварање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

**14. Критериум за доделување на Договорот**

13.1. Критериуми за доделување на Договорот за набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понудинајниска цена, чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.

13.2.Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

13.3.Прифатливата понуда покрај најниска цена како основен критериум за доделување на договор, мора да ги задоволи и обезбеди потребниот степен на квалитет на услугите и

навремената испорака во однос на предметот на набавка за потребите на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје.
Заради евалуација цената на понудата ќе се пресметува како цена без ДДВ, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена, согласно Формулата:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Најниска цена без ДДВ х максимален број на бодови}}{\text{Цена (без ДДВ)}}$$

**15.Доделување на договорот за набавка**

15.1. Корисникот на услугата , по спроведената евалуација на понудите, како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди, Договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има најниска понудена цена и ги исполнува условите за прифатлива понуда.

**16. Гаранција за извршување на договорот**

16.1. Избраниот понудувач на кој ќе му биде доделен договорот за набавка гаранција за квалитетно извршување на Договорот во вид на банкарска гаранција.
16.2. Висината на гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот ќе изнесува 10 % од вкупната вреност на набавката.
16.3. Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма, треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.
16.4. Гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот, избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното Известување за извршениот избор, а пред склучување на Договорот во рок определен од Корисникот на услугата во Известувањето.

**17. Известување за доделување на договорот за набавка**

17.1. По завршувањето на изборот на извршителот на услугата , Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

**18. Завршување на постапката за доделување на договор за набавка**

18.1.Постапката за доделување на договор за набавка завршува на денот на потпишување на договорот за набавка од двете договорни страни или со поништување на постапката.

**КОМИСИЈА ЗА НАБАВКИ**

**Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт**
**ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје**

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на Огласот со број 05-1444 /2 од 21.12.2018 објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, за доделување на договор за набавка на за потребите на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди, ја поднесуваме следнава:

# П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот:
I.2. Контакт информации:

- Адреса:
- Телефон:
- Факс:
- Е-пошта:
- Лице за контакт:

I.3. Одговорно лице:
I.4. Даночен број:
I.5. Матичен број:

**Дел II – Техничка понуда**

Согласни сме да ги прифатиме условите, начинот и рокот на испорака утврдени во повикот.

**Дел III – Финансиска понуда**

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени/по артикли и делови (доколку е делива )е доставена во прилог на Понудата.

**Цената** на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува __________ денари, односно со ДДВ, изнесува ____________________.
Нашата понуда важи за периодот утврден во Поканата за прибирање на понуди и се согласуваме со условите и начинот на плаќање утврден во неа.

**Дел IV – Рок на испорака**

**Место и датум** **Одговорно лице**

______________ ----------------------

# Т Е Х Н И Ч К А   С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А

| ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ | СУМА | Изразена премија во денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Градежен објект од масивна градба х.Молика | 228.780.036,00 | |
| Опрема во хотел Молика | 39.663.996,00 | |
| Залиха на флотната основа во хотел Молика | 7.850.730,00 | |
| Градежен објект од масивна градба х.Славија | 114.079.373,00 | |
| Градежен објект од масивна градба х.Попова Шапка | 174.381.093,00 | |
| Опрема во хотели Славија и Попова Шапка | 108.578.444,00 | |
| Залиха на флотната основа во хотели Славија и Попова Шапка | 4.835.309,00 | |
| Градежен објект од масивна градба Маврови Анови | 32.397.135,00 | |
| Опрема во одмаралиштето Маврови Анови | 1.889.288,00 | |
| | | |
| Градежен објект од масивна градба Стар Дојран | 5.730.473,00 | |
| Опрема во одмаралиште Стар Дојран | 1.375.883,00 | |
| | | |
| Градежен објект од масивна градба Свети Стефан | 11.310.508,00 | |
| Опрема во одмаралиште Свети Стефан | 382.568,00 | |
| Градежен објект од масивна градба Ливадиште | 24.387.829,00 | |
| Опрема во одмаралиште | 9.635.819,00 | |
| Вкупно премија за основни ризици | 765.278.484,00 | |

Дополнителен ризик Снежна лавина

| ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ | СУМА | Изразена премија во денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Снежна лавина за објектот Попова Шапка на прв ризик | 17.000.000 | |
| Снежна лавина за објектот Маврово на прв ризик | 12.000.000 | |

| | | |
|---|---|---|
| Снежна лавина за објектот Славија на прв ризик | 12.000.000 | |
| Снежна лавина за објектот Славија на прв ризик | 16.000.000 | |
| Вкупно за снежна лавина | 57.000.000 | |

Дополнителен ризик Поплава

| ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ | СУМА | Изразена премија во денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Поплава во објектот Стар Дојран на прв ризик | 13.000.000,00 | |
| Поплава во објектот Свети Стефан на прв ризик | 13.000.000,00 | |
| Вкупно за поплава | 26.000.000,00 | |

2.Осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво

| ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ | СУМА | Изразена премија во денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Пари во заклучена каса во хотел Молика | 500.000,00 | |
| Пренос на пари со разбојништво и сообраѓајна незгода од Молика | 200.000,00 | |
| Откуп на франшиза | | |
| Пари во заклучена каса и во останатите одмаралишта | 100.000,00 | |
| Пренос на пари со разбојништво и сообраќајна незгода од останатите одмаралишта | 1.000.000,00 (три месеци) 100.000,00 ( девет месеци) | |
| Вкупно премија без франшиза | | |

3. Осигурување на стакло од кршење

| ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ | СУМА | Изразена премија во денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Прозорско стакло во Молика термопан 4х12х4, 55м$^{2,}$, 3000ден/м$^{2,}$ на прв ризик | 165.000,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| Прозорско стакло во објектите во Подружница Попова Шапка термопан 50м$^{2}$,, 2000ден/м$^{2}$, на прв ризик | 100.000,00 | |
| Прозорско стакло во објектите во Подружница Попова Шапка 6мм. 40м$^{2}$,, 1000ден/м$^{2}$, на прв ризик | 140.000,00 | |
| Стако и од останатите одмаралишта | 100.000,00 | |
| Вкупно | 505.000,00 | |

4. Колективно осигурување на вработени

| ПОКРИТИЕ | СУМА | Вкупен број на вработени лица 109 |
|---|---|---|
| Траен инвалидитет | 100,00 | |
| Смрт од незгода | | |
| Смрт од болест | | |
| Трошоци за лекување | | |
| Трошоци за дневен надомест | | |
| Вкупно | 100,00 | |

5. Осигурување на патици на жичари и качувалки

| ПОКРИТИЕ | СУМА | ПРЕМИЈА за 35.319 скијачи |
|---|---|---|
| Траен инвалидитет | 200.000,00 | |
| Смрт од незгода | 100.000,00 | |
| Оштетување или уништување на предмети | 6.000,00 | |
| | | |
| | | |
| Вкупно | 306.000,00 | |

6. Осигурување на гости во сместувачките капацитетеи на Друштвото од последица на несреќен случај - незгода

| ПОКРИТИЕ | Број на планирани на ноќевања за период од 1 година | Изразена премија во денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Х. Молика Битола | 7000 | |
| Х. Славија Тетово | 3500 | |
| Х. Попова Шапка Тетово | 1000 | |
| Автокамп Ливадишта Струга | 1000 | |
| | | |
| Вкупно | | |

6. Потполно каско осигурување на снеготапкачи

| Марка и тип на возило | Вредност | Со 200 евра франшиза | Со 400 евра франшиза | Со 800 евра франшиза | Со 1.250 евра франшиза |
|---|---|---|---|---|---|
| Снеготапкач ПБ 300 | 4.758.130,00 | / | | / | / |
| Снеготапкач ПБ 300 | 8.262.852,00 | / | | / | / |
| Снеготапкач ПБ 240 | 2.64.175,00 | / | | / | / |

7. ИТ опрема (хардвер, компутерска опрема...)

| Тип на опрема | Вредност | ПРЕМИЈА Или Изразена премија во денари без ДДВ |
|---|---|---|
| Хардвер | 546.794,00 | |
| Компјутерска опрема | 37.893,00 | |
| Вкупно | 584.687,00 | |

НАПОМЕНА :

-Со понудата задолжително да се приложат општи и посебни услови за осигурување
-Обемот на покритие на осигурувањето ќе биде ревалоризационата набавна вредност со состојба на 31.12.2017 година.
-Квалитетот на услугите треба да бидат во согласност со важечките стандарди и прописи, како и со барањата наведени во техничката спецификација.
-Техничката спецификација ја подготвија стручни и одговорни лица од страна на Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје.
- Извршителот на услугата е должен да ја обезбеди услугата за период од 2(две) години.

Изработил,

Никола Никанчевски

Одобрил,

Бојан Петковски

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба**

# И З Ј А В А

Под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека понудувачот _____________________________________________, во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата и условите наведени во Поканата за прибирање на понуди со бр. 05-1444 /2 од 21.12.2018 година за набавка на услуги за осигурување на имот и лица објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на Корисникот на услугата доколку нашата понуда ќе биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

**Место и датум** **Одговорно лице**

**(потпис)**

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице.